СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Петок, 13 септември 1963
Скопје
Број 32 Год. XIX

Претплата за 1963 год. изнесува 1.800 дин. Овој број чини 32 дин. Жиро сметка број 802—11/1—698.

230.

На основа член 154 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Републичкиот собор, одржана на 2 септември 1963 година и седницата на Стопанскиот собор, одржана на 2 септември 1963 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА РЕПУБЛИЧКИОТ РЕЗЕРВЕН ФОНД И СРЕДСТВАТА НА ЗАЕДНИЧКИТЕ РЕЗЕРВИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ПРИ РЕПУБЛИЧКИОТ РЕЗЕРВЕН ФОНД ЗА 1962 ГОДИНА

I

Се утврдува завршната сметка на Републичкиот резервен фонд со

Приходи	251.058.874	динари
Расходи	229.957.267	„
Вишок на приходи	21.101.607	„

II

Се утврдува завршната сметка на средствата на заедничките резерви на стопанските организации при Републичкиот резервен фонд со

Приходи	2,159.038.739	динари
Расходи	2,018.111.627	„
Вишок на приходи . . .	140.927.112	„

III

Вишокот на приходите од точката I и II од оваа одлука се пренесува како приход на Републичкиот резервен фонд за 1963 година односно на заедничките резерви на стопанските организации на Републичкиот резервен фонд за 1963 година.

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 8
2 септември 1963 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Видое Смилевски, с. р.

231.

На основа член 154 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Републичкиот собор, одржана на 2 септември 1963 година и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 2 септември 1963 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ОДОБРУВАЊЕ ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ИНВЕСТИЦИОНЕН ФОНД НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1962 ГОДИНА

I

Се одобрува завршната сметка на Општествениот инвестиционен фонд на Народна Република Македонија за 1962 година и тоа:

(во милиони динари)

а) со состојба на извршувањето на вкупниот прилив и потрошок на средствата во 1962 година:

1) Вкупно приходи	24.048
2) Вкупно расходи	17.680
3) Вишок на приходи	6.368

б) со состојба на билансот на фондот на ден 31 декември 1962 година:

Вкупни средства	142.135
Од кои:	
1. Пласирани средства на Фондот во кредити	135.767
2. Остаток на непотрошени средства	6.368

II

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 7
2 септември 1963 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Видое Смилевски, с. р.

232.

Претресувајќи ги материјалите за претходна оценка на очекуваното производство во стопанската 1962/63 година и глобална проекција и мерки за есенска сеидба во 1963 година и извршувањето на инвестициите во областа на земјоделството во СРМ во 1963 година, Републичкиот собор и Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници одржани на 2. IX. 1963 година констатира следното:

1. Според недефинитивните оценки за остварувањето на физичкиот и финансискиот обем на земјоделското производство во 1963 г. во СРМ и покрај неповолните услови и помалку засеаните површини, како резултат на позитивните структурни промени и нешто подобри приноси, се очекува да се оствари земјоделско производство нешто над нивото од предвидувањата на Општествениот план за 1963 г.

Ваквите очекувања се резултат и на посебните настојувања и напори што ги вложуваа работните земјоделски организации и други органи за совладување последиците од есенските поплави во 1962 год. и неповолните климатски услови во минатата есен и раната пролет;

2. Подготовките за есенската сеидба во моментот претставуваат најкрупна и најважна задача што стои пред земјоделските организации и надлежните општествени фактори. Преземените мерки ветуваат благовремено и успешно влегување во есенската сеидба 1963 год. но во тој процес треба максимална мобилизација на сите фактори.

3. Реализацијата на инвестициите во областа на земјоделството минатите месеци на 1963 година е забавена а особено доградбата на живинарските фарми, подигање лозови насади, купување на земја, како и изградба на крупни мелиоративни системи. Инвестиционите работи во земјоделството заостануваат главно поради:

недоволната мобилност и подготвеност за навремено или квалитетно изведување на некои инвестициони фази;

кај одделни стопански организации и недоволно кадровска способност.

Имајќи ги предвид изложените констатации а со цел да се спроведе успешно есенската сеидба во 1963 година и извршат инвестициите во областа на земјоделството за 1963 година, а врз основа член 154 и 159 став 1 од Уставот на СРМ, Републичкиот и Стопанскиот собор на Собранието на СРМ ја донесува следната

ПРЕПОРАКА
ЗА МЕРКИТЕ ЗА ЕСЕНСКА СЕИДБА И ИЗВРШУВАЊЕТО НА ИНВЕСТИЦИИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ВО 1963 ГОДИНА

I

Сите земјоделски и други работни организации што се занимаваат со развивањето и унапредувањето на земјоделството како и општинските и околиските собранија да ги засилат напорите за извршување есенска сеидба и инвестициите во областа на земјоделството во 1963 г. и тоа:

1. Спроведување на основен курс за максимално засејување на предвидените површини за есенска сеидба и за натамошно проширување површините на општествениот сектор по пат на откуп на земја, разорување на пасишта, активирање на досега необработени општествени површини и сл.;

2. Да се зајакнат настојувањата за подоследно применување на современа технологија во производството на есенските култури совладувајќи ги одделните појави на нестручност во постојаната борба за повисоки приноси;

3. Преземање на нужни организациони и други мерки, а во прв ред екипирање со стручен кадар за обезбедување економичност и рентабилитет во делувањето;

4. Земјоделските и други стопански организации треба да настојат за натамошно проширување и усовршување на кооперативните односи со индивидуалните производители во производните процеси и на тој начин да придонесат за зголемување на земјоделското производство.

5. Општинските и околиските собранија во наредниот период да преземат поенергични мерки за подоследна примена на одредбите од Законот за искористување на земјоделското земјиште. Во тој однос се препорачува врз база на проучени економски услови да донесуваат регулативни акти за минимум агротехнички мерки. Донесените акти кои не се реален одраз на економските услови да се ускладат со можностите и тогаш да се засили надзорот за нивното извршување;

6. Општинските и околиските собранија и работните организации од областа на земјоделството својата акција околу есенската сеидба треба да ја насочат особено:

— на обезбедување квалитетно подготвување на површините за сеидба;

— обезбедување квалитетен семенски материјал;

— обезбедување навремено и доволно количество вештачки ѓубрива;

— да се обезбеди полна мобилност на машинскиот парк и негово најрационално користење низ работата во повеќе смени.

II

1. За успешна реализација на инвестициите во областа на земјоделството во 1963 година се препорачува на земјоделските организации, општинските и околиските собранија итно да ја разгледаат положбата со остварувањето на инвестициите во земјоделството и преземат брзи мерки за нивното навремено извршување;

2. Носителите на инвестициите да обезбедат стручни кадри за квалитетна и навремена реализација на инвестициите;

3. Да се преземат поенергични мерки градежната оператива да ги извршува навремено своите договорни обврски;

4. Бидејќи како пречка во извршувањето на инвестициите е и обезбедување на учеството од локалните инвестициони фондови се препорачува општинските собранија, кои донесле решенија за обезбедување на учество од ЛИФ да преземат мерки да ги тие средства обезбедат.

5. По однос на инвестициите во областа на мелиорациите за успешен тек на градбата на крупните мелиоративни системи што се градат по Законот за финансирање на мелиоративните работи во НРМ потребни се позголемени напори во следните насоки:

— да се продолжи со ангажирањето на друга градежна оператива, а со цел да се овогодишниот програм за изградба на системите до максимум изврши;

— надлежните органи да преземат мерки да го решат прашањето за поусовршен начин на финансирањето на мелиоративните работи во СРМ;

— Дирекцијата за изградба на мелиоративните системи во СРМ да ја приспособи својата организација на работа и функционирање на сегашната етапа на изградба на мелиоративните системи.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 15
2 септември 1963 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Видое Смилевски, с. р.

233.

Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Републичкиот собор, одржана на 2. IX. 1963 година и на седницата на Социјално-здравствениот собор одржана на 2. IX. 1963 година, разгледувајќи ја Информацијата за положбата на евакуираните лица од Скопје, за проблемите и начинот на нивното решавање, на основа член 155 и 159 од Уставот на СРМ ја донесе следната

ПРЕПОРАКА

ЗА МЕРКИТЕ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ПРЕЗЕМАТ ОПШТИНСКИТЕ СОБРАНИЈА И РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА СОГЛЕДУВАЊЕ И ПОДОБРУВАЊЕ ПОЛОЖБАТА НА ЕВАКУИРАНИТЕ ЛИЦА И СЕМЕЈСТВА

Катастрофалниот земјотрес што го зафати главниот град на Социјалистичка Република Македонија, покрај големиот број човечки жртви и непроценливи материјални загуби предизвика раздвојување на голем број семејства и деца и го зголеми бројот на социјалните категории лица и семејства. Уште веднаш по земјотресот граѓаните на Скопје масовно го напуштаа градот и беа евакуирани од Скопје. И покрај тешкотиите што се создадоа со оваа евакуација приемот на евакуираните граѓани во сите краишта на земјата беше извонредно топол и срдечен, братската помош и соработка е изразена до максимум.

Општествено-политичките организации, работните колективи, граѓаните насекаде во Југославија вложија крајни напори на евакуираните граѓани од Скопје да им се обезбеди добро сместување и исхрана. Во таа смисла се вложени знатни материјални средства.

Секојдневните настојувања за подобрување на општата положба на евакуираните граѓани, особено на децата, нивното сместување, исхраната и здравствената заштита, придонесоа да се ублажи положбата на овие граѓани.

Одлуките и мерките на Извршниот комитет на СКЈ, Извршниот совет на СРМ, на општествено-политичките органи и организации за што побрзо активирање на стопанскиот и општествено-политичкиот живот во Скопје, создавање услови за сместување и исхрана на работниците и службениците и нивните семејства, преземените мерки за изградба на приградски населби, поправка на делумно оштетените згради, доделување помош на настраданите и оштетените граѓани и другите мерки, придонесоа да дојдат до полн израз желбите и настојувањата за побрзо совладување на тешкотиите кои се создадоа.

Меѓутоа, и покрај досега постигнатите резултати во совладувањето на создадените проблеми, стојат сé уште такви проблеми за чие решавање се нужни напори на сите општествено-политички фактори и органи.

Врз основа на претресениот материјал, а со цел за поуспешно согледување и решавање на истакнатите проблеми, Републичкиот собор и Социјално-здравствениот собор на Собранието на СРМ

ПРЕПОРАЧУВААТ

1. Општинските собранија, согледувајќи ја положбата на евакуираните лица на своето подрачје, да преземат мерки и им укажат соодветна помош во решавањето на нивните проблеми.

Во оваа смисла особено внимание да се обрне на оние категории лица и семејства кои имаат потреба од посебна помош на заедницата, како што се материјално необезбедени лица и семејства од погинати граѓани, стари и неспособни лица, инвалидни лица и други социјално необезбедени лица и семејства.

Ефикасните мерки во згрижувањето на одделни лица и семејства особено се однесуваат на обезбедување соодветни услови за сместување, исхрана и други потреби, преку доделување еднократни, односно редовна материјална помош или преку други адекватни начини.

Во утврдувањето положбата на одредени социјални и материјално необезбедени лица и семејства и оценка за неопходноста од соодветна помош, значајна е улогата на органите во работните колективи и органите за социјална заштита на општинските собранија.

2. Општинските собранија до воспостават целосна евиденција со нужната документација за де-

цата чии родители погинале во катастрофалниот земјотрес, потоа за издржаваните лица од погинатите граѓани и слични категории лица, со цел да се преземат мерки за остварување правата кои произлегуваат од позитивните прописи или за нивното обезбедување на друг начин.

3. Општинските собранија да ја испитаат можноста за донесување посебни одлуки за материјално обезбедување и згрижување на онеспособените граѓани во катастрофалниот земјотрес, во колку според постојните не се регулирани нивните права. Во таа смисла, нужно е да се воспостави и потполна евиденција за бројот на онеспособените и степенот на инвалидноста за секое лице поодделно.

4. Општинските собранија во Скопје поаѓајќи од новонастанатата положба на одредени социјални категории граѓани и семејства, треба да ги преиспитаат постојните одлуки за помош на материјално необезбедените лица како во однос на висината на давањата, така и во однос на ублажувањето на условите за здобивање на постојана парична помош. Притоа, особено треба да се води сметка за зголемениот број на овие категории.

За остварување на оваа цел потребно е да се обезбедат и соодветни финансиски средства. Во однос на користењето на средствата треба да се обезбеди потребна економичност и рационалност.

5. Работните и другите организации во грижата за обезбедување поволни услови за исхрана на своите работници и службеници, да ги испитаат можностите и да пристапат кон организирање на објекти за општествена исхрана во рамките на својата организација или во заедница со други организации. Во оваа смисла потребно е доследно спроведување на Одлуката на Извршниот совет за организирање и регулирање на исхраната и давање помош на работниците и службениците и нивните фамилии.

6. Работните и другите организации во настојувањата за вклучување во работа на сите свои работници и службеници, особено на мајките со мали деца, треба да ги преземат сите мерки за обезбедување на услови за сместување, особено на децата во времето додека се мајките на работа. Во оваа смисла, покрај користењето на објектите за деца кои ќе продолжат со работа, работните организации посебно или во заедница со други треба да обезбедат соодветни простории за деца.

На мајките со деца до седум годишна возраст, кои се во работен однос, работните организации да се погрижат за создавање услови за нивното сместување, пред сé за згрижување на децата, како би можеле мајките што побргу да се вратат во својата работна организација и да ја продолжат својата работа. За оделните случаи, каде се појавуваат посебни проблеми од работен, смештаен и друг карактер, работната организација посебно да цени и во рамките на своите можности да одлучува посебно за секој случај.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 17
2 септември 1963 година
Тетово

Претседател
на Собранието на СРМ,
Видое Смилевски, с. р.

234.

Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Републичкиот собор, одржана на 2. IX. 1963 година и на седницата на Социјално-здравствениот собор одржана на 2. IX. 1963 година, разгледувајќи ја Информацијата за организацијата и работата на здравствената служба по земјотресот во Скопје од 26 јули до 15 август 1963 година, на основа член 155 и 159 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија ја донесе следната

ПРЕПОРАКА

ЗА МЕРКИТЕ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ПРЕЗЕМАТ ОКОЛИСКИТЕ И ОПШТИНСКИТЕ СОБРАНИЈА И РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ЗДРАВСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ПО ЗЕМЈОТРЕСОТ ВО СКОПЈЕ

Катастрофалниот земјотрес во Скопје ги разурна и тешко оштети готово сите стационарни и амбулантно-поликлинички установи во градот, а здравствената служба ја постави пред сериозни и тешки проблеми како што се: итно организирање на медицинско згрижување на постраданото население од земјотресот, згрижување и евакуација на стационарните болни во болничките здравствени установи во градот, организирање на санитарно-хигиенското и епидемиолошкото згрижување на населението, обезбедување на медицинското снабдување, организирање на работата во сите здравствени установи во Скопје и целата Република.

Во најкритичните моменти, непосредно по земјотресот, здравствената служба во градот успеа во заедница со други здравствени установи од Републиката и другите братски републики да згрижи и хируршки обработи околу 3.000 тешко и полесно ранети, да ги евакуира затечените тешко болни во болничките установи во градот, да обезбеди брзо и правилно медицинско снабдување, да организира хигиенско-епидемиолошко згрижување на настраданото население и повторно да организира редовно функционирање на здравствената служба во градот.

Постигнатите резултати се должат на залагањето на здравствените работници во целина, на брзата и ефикасна интервенција од Санитетот на Армијата, на залагањето на здравствените работ-

ници во местата каде беа евакуирани ранетите и болните од Скопје, на напорите на хируршките и хигиенско-епидемиолошките екипи и одделни здравствени работници од другите братски републики и од поедини земји од странство, како и навреме укажана помош во крв, лекарства, санитетски материјал и санитетска опрема.

Со вака вложени напори и пожртвуваност им беа спасени животите и олеснети страдањата на голем број пострадани граѓани, а исто така беше спречена и појавата на епидемии кои се редовни и страшни придружници на такви катаклизми.

И покрај постигнатите резултати во деновите непосредно по земјотресот, здравствената служба во Скопје сé уште не е доволно организирана за да може правилно да ја обавува редовната работа, а здравствените установи од внатрешноста со оглед на тоа што е зголемен бројот на населението од евакуираните граѓани од Скопје, ставени се пред сериозни задачи за проширување здравствената служба и преземање посебни мерки од превентивен карактер за здравствената заштита на населението.

Имајќи ги предвид изложените констатации, а со цел да се отстранат тешките последици од земјотресот и обезбеди брза, ефикасна и адекватна здравствена заштита, Републичкиот и Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија

ПРЕПОРАЧУВААТ

— Во новосоздадената положба по земјотресот во Скопје и со тоа изменетите услови во целата Република, како и при сите создадени, зголемени и усложнети проблеми во врска со здравјето на населението, неопходно е околиските и општинските собранија, работните организации во здравството и здравствените работници да ги продолжат и засилат напорите за подобрување организацијата на здравствената служба и здравствената заштита во Републиката, особено во Скопје.

— Особено треба да се развива превентивно-медицинската дејност за унапредување и јакнење здравјето и колективната заштита на населението од штетното дејство на разни физички, биолошки и психо-социолошки фактори кои посебно ќе дојдат до израз во неповолните временски прилики што настапуваат.

— Посебно внимание да се посвети на здравствената заштита на децата, младината и жените кои како најосетливи категории на граѓани се особено изложени на низа заболувања, поради потешките животни услови создадени по земјотресот.

— За инвалидизираните при земјотресот лица треба да биде обезбедена најсовремена медицинска, а посебно професионална рехабилитација, со цел тие да се вклучат што поскоро во работен однос.

— Органите на општественото самоуправување во работните организации во здравството како и претставничките и политичко-извршните органи на општествено-политичките заедници во Републиката, треба да преземат неопходни итни мерки за санација и оспособување на работните организации во здравството за целосна здравствена заштита на населението.

— Да се обезбеди правилно распределување и рационално користење на сите постојни стручни кадри во здравството како на сопствените кадри на установите така и на стручните кадри што привремено се доделени на работа од другите места на Републиката или од другите републики.

— Работните организации во здравството да ги преземат сите нужни мерки за подобрување условите во сите привремени населби за обезбедување целосна здравствена заштита на населението како и за остварување поволни услови за живеење и исхрана во истите.

— Работните организации во здравството будно да следат и брзо преземаат мерки за навремено откривање на болните граѓани и нивното лекување, а особено на населението во формираните населби.

— Општествено-политичките организации и стручните здруженија на здравствените работници да ја усмерат својата активност на максимална мобилизација на населението за обезбедување на личната и општа хигиена а особено за подобрување санитарно-хигиенската положба во привремените населби и другите живеалишта.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 18
2 септември 1963 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Видое Смилевски, с. р.

235.

Разгледувајќи ја положбата на стопанството на СР Македонија по катастрофалниот земјотрес во Скопје, Републичкиот собор и Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 2. IX. 1963 година констатира:

Разурнувањата и непосредниот застој во реализирањето на производните и другите планови на стопанските организации, земјотресот во Скопје последно предизвика големи материјални штети во сите области на стопанскиот живот кои имаат тешки реперкусии врз целокупната наша стопанска и друга активност во Републиката;

— движењето на стопанството во првите 7 месеци од оваа година до земјотресот од 26 јули се одвиваше според предвидувањата со Општественото-от план за оваа година, со изразити тенденции за крупни натфрлувања во битни компоненти на Планот, а особено со поголем пораст на индустриското производство, продуктивноста на трудот и др.;

— заради големиот удел на стопанството во Скопје во стопанството на СР Македонија со земјотресот се отежнува исполнувањето на предвидувањата на Општественото-от план на Републиката за 1963 година;

— со брзата интервенција на работните колективи на Скопје и другите градови на СФРЈ, единиците на ЈНА, општествените и други организации и органи и граѓани во која дојде до израз извонредното самопожртвување и солидарност немаше уште поголеми загуби и голем број стопански организации, односно погонски и деловни единици во Скопје неколку дена по земјотресот отпочнаа со работа;

— решенијата на ИК на ЦК на СКЈ и мерките на Сојузниот извршен совет придонесоа за побрзо нормализирање на стопанскиот и друг живот во Скопје;

— натамошното средување на стопанските и други прилики во Скопје во основа се зависни од работата и залагањето на секоја работна заедница и на секој трудбеник поодделно.

Имајќи го предвид изложеното, раководејќи се од нужноста што поскоро да се санира стопанството во Скопје, да се отстранат последиците на земјотресот и создадат услови за нормално стопанисување и да се обезбеди што подобро реализирање на Општествениот план за 1963 година, врз основа на чл. 154 и 159 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Републичкиот собор и Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија ја донесоа следнава

ПРЕПОРАКА

ЗА САНИРАЊЕ НА СТОПАНСТВОТО ВО СКОПЈЕ И ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НАПОРИТЕ НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО СРМ ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ УТВРДЕНИ СО ОПШТЕСТВЕНИОТ ПЛАН ЗА 1963 ГОДИНА

На работничките совети на стопанските организации, на советите на работните колективи во установите кои работат на развивање и унапредување на стопанството, на Градското и општинските собранија во Скопје, околиските и општинските собранија во Републиката, стопанските комори, банките, стручните здруженија, општествено-политичките организации, им се препорачува:

I

— Максимално интензивирање работите на санирањето и што поскоро активирање на оштетените стопански организации, односно нивните погонски и деловни единици. Недопуштање провлекување и бавност на активноста во сите фази на обновата до полното активирање на средствата;

— обновата и оспособувањето на оштетените стопански организации и нивните погонски и деловни единици да се врши со однапред утврден план кој да обезбеди економичност, рационалност и квалитет;

— банките и другите надлежни органи во кредитирањето на стопанските организации и другите дејности да внесат полна деловност, солидност, ефикасност и експедитивност.

II

— Од особена важност се јавува потребата за што поцелосно користење на производствените капацитети и работната сила, натамошно развивање и усовршување организацијата на работата за поголема продуктивност и подобрување квалитетот и асортиманот на производството на повисоко рамниште;

— појавениот вишок на работна сила стопанските организации и општинските собранија треба да го решаваат, пред сé со насочување вишокот на работната сила во обновата и градбата на Скопје;

— новонастанатата положба уште повеќе го истакнува проблемот за што побрзо и за што поширока интеграција во сите видови, како во Републиката така исто и во земјата, која би придонесла за понатамошна специјализација, поголемо сериско производство и поголем доход.

III

— Во извршувањето на зголемените задачи, треба да се обезбеди полна мобилност на работните колективи, органите на работничкото самоуправување, општествените и другите организации како и сите други фактори во стопанската активност;

— за поуспешно остварување на оваа акција работните организации преку развивање и усовршување системот на расподелбата на доходот треба да обезбедат што подоследна примена на принципот на расподелбата според трудот и материјалната заинтересираност на трудбениците;

— работните организации да се однесуваат со полна грижа и одговорност кон прашањата на секој свој поединец, обезбедувајќи организирање исхрана, создавајќи услови за згрижување на децата на загинатите работници и олеснувањето положбата на работничките-мајки со деца;

— работните организации да се ангажираат во решавањето на сместувањето на работниците.

IV

— Напоредно со работата на обновата, згрижувањето на луѓето и извршувањето тековните задачи, со несмалено темпо треба да продолжи работата на програмирањето на идниот развиток на стопанските организации;

— стопанските организации треба да продолжат со интензивна активност во разработувањето на сопствените 7-годишни планови односно во разработката на концепциите на својот развиток како и со навременото изготвување на тековните планови;

— претстојната обемна инвестициона дејност во Скопје во наредните неколку години ги обврзува стопанските организации, што имаат допирни точки со неа, во своите производствени програми да вршат подготовки за своето оспособување за да одговорат на тие големи и сложени задачи.

V

— Развивањето и унапредувањето на извозот останува перманентна и долгорочна задача на сто-

панските организации во производството, прометот, туристичкото стопанство, надворешно-трговската мрежа, банките и сите други фактори во оваа дејност;

— стопанските организации кои заостануваат во реализацијата на предвидениот извоз во оваа година, во наредните месеци треба да преземат сé за да го надополнат заостанувањето. Со поголеми напори потребно е да се остварува поголем извоз на земјоделски производи. Во реализацијата на извозот да се користи целокупната надворешно-трговска мрежа.

VI

На органите на управувањето во стопанските организации од областа на прометот и угостителството, земјоделството и др., околиските и општинските собранија и нивните органи во врска со снабдувањето на населението во Скопје и другите градови посебно им се препорачува:

— да преземат мерки за сообразување кон новите потреби во организацијата на мрежата и снабдувањето на потрошувачите со сите видови потребни стоки и технички предмети прилагодени кон новите услови на животот;

— работните организации во трговијата и угостителството да обезбедат залихи на потребните прехранбени производи, особено земјоделско-прехранбени производи и огревни материјали за зимскиот период, конзервната индустрија и ладилниците, со оглед на тоа дека граѓаните во Скопје не се во состојба сами да приготвуваат зимница, да ги обезбедат потребните количества прехранбени артикли за зимата;

— во новонастанатата положба угостителството, а посебно општествената исхрана, ќе треба да има посебна улога во организирањето на стопански организации за општествена исхрана, приготвување на полуготова храна и друго, водејќи притоа сметка за квалитетот, пристапната и реална цена и хигиената;

— општинските собранија постојано да го следат снабдувањето и движењето на цените на производите и услугите на своето подрачје и да преземат мерки за стабилизирање на истите, а во случај на потреба енергично да ги користат овластувањата за определување односно контрола на цените.

VII

На органите на управувањето во стопанските организации во областа на градежништвото и градежната индустрија посебно им се препорачува:

— да вложат максимум напори за извршување на поправките на оштетените згради во Скопје, за навремената изградба на новите населби, за навременото извршување на другите договорни обврски, особено на клучните објекти;

— задачите што стојат пред стопанските градежни организации и изменетата технологија на градбата, налага ново опремување со механизација и друго;

— ефикасно и брзо да ги решаваат прашањатаврзани со изнаоѓањето, ангажирањето, сместувањето и исхраната на потребната работна сила за обновата и изградбата на Скопје, како и извршувањето преквалификација на работната сила;

— да создадат можност за кооперација и интеграција за заедничко основање на погони за песок, работилници за бетон, проектантски организации и сл.

VIII

На органите на управувањето на стопанските организации во областа на занаетчиството посебно им се препорачува:

— да преземат мерки за прилагодување на својата мрежа со новонастанатите потреби, а посебно формирање производни услужни сервиси;

— да преземат мерки за зголемување на своите капацитети како во Скопје така и во другите градови во Републиката, особено за градежното занаетчиство за задоволувањето на потребите за изградбата на Скопје.

IX

Работните организации, коморите, здруженијата, општинските и околиските собранија, Градското собрание на Скопје и Извршниот совет на Собранието на СРМ да ја разгледаат оваа препорака на свои седници за преземање мерки во врска со нејзиното спроведување.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 16
2 септември 1963 година
Тетово

Претседател
на Собранието на СРМ,
Видое Смилевски, с. р.

236.

На основа член 19 став 2 и член 21 став 2 од Законот за организацијата и работата на Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 15/63), Извршниот совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ОБРАЗУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКА КОМИСИЈА ЗА ТЕХНИЧКА ПОМОШ

I. Се образува Републичка комисија за техничка помош.

II. Задача на Комисијата е да соработува со Сојузната комисија за техничка помош, со надлежните републички секретаријати и со соодветните служби на Градското собрание на град Скопје по сите прашања од областа на техничката помош наменета за град Скопје, како и да се грижи за евидентирање на техничката помош наменета за град Скопје.

III. Во Комисијата за именуваат:

а) за претседател — Димитар Бојков, потпретседател на Стопанската комора на СРМ;

б) за членови:

1. Нико Нича, помошник на републичкиот секретар за индустрија;

2. Владо Ќосевски, помошник на републичкиот секретар за комунални работи и социјална политика;

3. Борче Ламбевски, началник на Одделението за техничка помош при Извршниот совет;

4. Петко Чадиковски, помошник на републичкиот секретар за трговија и туризам;

5. Крсте Нелковски, претседател на Републичкиот одбор на Синдикатот на градежните работници;

6. Никола Петровски, помошник на републичкиот секретар за земјоделство и шумарство;

7. Саво Цветковиќ, директор на Републичкиот завод за унапредување на школството;

8. Сотир Сотировски, службеник во Републичкиот секретаријат за народно здравје.

IV. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 09-2294/1
23 август 1963 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Александар Грличков, с. р.

237.

На основа точка 1 од Одлуката за покривање на непокриените кусоци во фондовите на заводите за социјално осигурување („Службен лист на ФНРЈ" бр. 22/62), Собранието на Републичката заедница за социјално осигурување на работниците на четвртата седница од 10 април 1963 година донесе

ОДЛУКА

ЗА ПОКРИВАЊЕ НА НЕПОКРИЕНИТЕ ВИШОЦИ НА РАСХОДИ НАД ПРИХОДИТЕ НА ФОНДОТ ЗА ДОЛГОРОЧНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ УТВРДЕНИ ДО КРАЈОТ НА 1962 ГОДИНА

I

Непокриените вишоци на расходите над приходите на Фондот за долгорочно осигурување на Републичкиот завод за социјално осигурување — Скопје изнесуваат:

1955	година	61.253.240	динари
1956	"	323.510.608	"
1957	"	719.971.373	"
1958	"	990.825.415	"
1959	"	707 757.763	"
1960	"	548.321.546	"
1962	" (вишок на расходите над приходите)	2.090.071.548	"
	Вкупно:	5.441.711.493	динари

II

Непокриените вишоци на расходи над приходите од точка I на оваа одлука, во смисла на точка 1 став 1 од Одлуката за покривање на непокриените кусоци во фондовите на заводите за социјално осигурување, ќе се покријат според редоследот на временското настанување на обврските и тоа:

1) непокриен вишок на расходи над приходите од 1955 г. со средства на резервата од . . . . . дин.		61.253.240.—
2) непокриен вишок на расходи над приходите од 1956 г. — со: — преостанатите средства на резервата од динари	55.311.358	
— средства на фондот со одделни намени од дин.	439.370	
— средства на нераспределени вишоци од 1954 година динари	56.944.251	
— преостанатите средства на придонесот по дополнителната општа стопа од 2% за 1961 година од динари	2.017.518	
— делот на средствата од придонесот по дополнителната општа стопа од 2% за 1962 година од	208.798 111	323.510.608
3) непокриен вишок на расходи над приходите од 1957 година — со делот на средствата од придонесот по дополнителната општа стопа од 2% за 1962 година од динари		719.971.373
4) непокриен вишок на расходи над приходите од 1958 година — со делот на средствата од придонесот од дополнителната општа стопа од 2% за 1962 година од		990.825.415
5) делот на непокриен вишок на		

расходи над приходите од 1959 г. — со преостанатите средства од придонесот по дополнителната општа стопа од 2% за 1962 година од дин. 125.456.827

Преостанатите непокриени вишоци на расходи над приходите во фондот за долгорочно осигурување од 3.220.694.030 динари и тоа:

1959 година . . . . . 582.300.936 динари
1960 " . . . . . 548.321.546 "
1962 " . . . . . 2.090.071.548 "

согласно точка 3, став 1 од Одлуката за покривање на непокриените кусоци во фондовите на заводите за социјално осигурување, ќе се покријат со кредит без интерес кај Народната банка.

III

Оваа одлука влегува во сила од како ќе се објави дадената согласност од Извршниот совет во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

Број 07—1012/1
10 април 1963 година
Скопје

Директор, Душко Ѓорѓиев, с. р.
Претседател, Михајло Апостолски, с. р.

238.

На основа точка II од Одлуката за плаќање на придонесите за лица вон работен однос осигурени според прописите за социјално осигурување („Службен весник на СРМ" број 3/63, 26/63 и 28/63 г.), Собранието на Републичката заедница за социјално осигурување, во согласност со Републичкиот секретаријат за финансии, на четвртата седница одржана на 12 јуни 1963 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СТОПИТЕ И ИЗНОСИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ ЛИЦА ВОН РАБОТЕН ОДНОС ОСИГУРЕНИ СПОРЕД ПРОПИСИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

1. Во Одлуката за стопите и износите на придонесот за социјално осигурување на одделни категории лица вон работен однос осигурени според прописите за социјално осигурување („Службен весник на СРМ" број — 27/63), по точка 2 се додава нова точка 2а, која гласи:

„Брачниот другар и децата што по смртта на занаетчијата ќе го продолжат водењето на занаетчискиот дуќан преку работоводител, ќе уплатуваат придонес за здравствено осигурување во висина од две третини од придонесот пресметан од основот на осигуреничкиот разред во кој е распореден".

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1963 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

Број 07—1014/2
12 јули 1963 година
Скопје

Директор, Душко Ѓерѓиев, с. р.
Претседател, Михајло Апостолски, с. р.

239.

На основа член 35, став 1 од Законот за кредитите и други банкарски работи (Службен лист на ФНРЈ, бр. 10/61) и точката IV од Одлуката за намената, условите и начинот за давање кредити за индустрија и рударство од средствата на кредитот даден на НР Македонија од Општиот инвестиционен фонд за унапредување стопанскиот развиток на недоволно развиените подрачја („Службен весник на СРМ", бр. 18/63), во согласност со Одборот за општи стопански работи на Извршниот совет, Стопанската банка на Социјалистичка Република Македонија распишува

XIV КОНКУРС

ЗА ДАВАЊЕ ИНВЕСТИЦИОНИ КРЕДИТИ ЗА ИНДУСТРИЈАТА И РУДАРСТВОТО ОД СРЕДСТВАТА НА КРЕДИТОТ ДАДЕН НА СР МАКЕДОНИЈА ОД ОПШТИОТ ИНВЕСТИЦИОНЕН ФОНД ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ СТОПАНСКИОТ РАЗВИТОК НА НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ ПОДРАЧЈА

I. Стопанската банка на СР Македонија, според овој конкурс, од средствата на Општиот инвестиционен фонд за унапредување стопанскиот развиток на недоволно развиените подрачја, ќе дава кредити за следниве намени:

— За кредитирање изградбата на започнатите објекти, за реконструкции, за проширувања и за нови објекти во областа на индустријата и рударството, и

— за учество во кредитите добиени од Општиот инвестиционен фонд во областа на индустријата и рударството.

II. Корисници на кредит за целта од претходната точка можат да бидат:

— стопански организации и нивните заедници и
— политичко-територијалните единици.

III. Кредитобарателите се должни со свои средства или со средствата добиени од други извори да обезбедат учество од најмалку 30% од вкупниот износ на трошоците на инвестицијата за основни и обртни средства.

Инвеститорите се должни да обезбедат 5% гарантен износ од висината на кредитот.

IV. Најниска интересна норма која треба да се понуди при поднесување на барањето е интересната норма која кредитобарателот ја плаќа на својот деловен фонд зголемен за 1.

V. Кредитите се одобруваат со рок на враќање кој не може да биде подолг:

— за нови објекти 20 години

— за реконструкција и проширување 15 „

VI. Рокот за изведување на реконструкцијата и проширувањето на објектите и изградбата на нови објекти не може да биде подолг од 2 години од денот на почетокот на користењето на кредитот.

VII. Првенство за добивање на кредит имаат оние кредитобаратели чија изградба на објекти е во согласност и обезбедуваат извршување на задачите поставени со Сојузниот и Републичкиот општествен план за стопанскиот развиток во најголема мерка ги исполнуваат следните услови:

— придонесуваат за зголемување на извозот односно намалување на увозот,

— придонесуваат на позголемување на производството на дефицитарни стоки за потребите на домашниот пазар,

— обезбедуваат брзо ефектуирање на инвестицијата,

— обезбедуваат релативно пониски инвестициони вложувања по единица капацитет,

— понудат поголемо сопствено учество, пократок рок за враќање на кредитот и повисока интересна норма, и

— обезбедат поголема стопа на рентабилитетот.

VIII. Кредитобарателите од стопански неразвиените подрачја односно општини определени со Општественио план за стопанскиот развиток на СР Македонија за 1961 до 1965 година, воколку еднакво со другите ги исполнуваат условите од претходната точка, имаат првенство во добивање на кредит.

Кредитобарателите од претходниот став се ослободени од плаќање на сопствено учество и гарантен износ.

IX. Барањето за инвестиционен кредит треба да ги содржи сите потребни елементи за оценка на инвестиционото вложување а посебно:

— целта за која се бара кредитот,

— висина на кредитот за основни и обртни средства,

— износ на средствата со кои кредитобарателот и неговиот гарант учествуваат во трошоците на инвестицијата,

— интересна норма и рок на враќање на кредитот што го нуди кредитобарателот,

— рокот за почетокот и рокот на завршетокот на работите како и денот од кога започнува отплатувањето на кредитот, и

— пресметка на девизниот ефект.

X. Барањето за инвестиционен кредит се поднесува на обрасци издадени од Југословенската инвестициона банка (ЗЦ) кои можат да се добијат во Стопанската банка на СР Македонија — Скопје.

Кон барањето за кредит кредитобарателот поднесува:

1. Инвестициона програма што се составува според чл. 11 од Основниот закон за изградба на инвестициони објекти („Службен лист на ФНРЈ" бр. 45/61) и решение за донесување на инвестиционата програма. Инвестиционата програма и решението донесени во смисла на чл. 12 од споменатиот Закон треба да бидат поврзани во една целина и запечатени со печат на органот што ја донел инвестиционата програма.

2. За инвестициони објекти односно инвестициони работи, чија пресметковна вредност не го надминува износот од 50,0 мил. динари упростен елаборат составен според Законот за изградба на инвестициони објекти („Службен весник на СРМ", бр. 33/62) и Одлуката за определување на објекти односно работи за изградба според нивната вредност („Сл. весник на СРМ", бр. 9/63).

3. Доказ за обезбедување на средства за полагање на 5% гарантен износ како и за средства за учество во трошоците на инвестицијата. Доказот да биде заверен од страна на банката кај која се водат тие средства со тоа дека банката е согласна да изврши блокирање на постојните средства и на приливот на средствата до висината на потребните средства за учество и гарантен износ.

4. Потврда за кредитната способност на кредитобарателот издадена од страна на Банката кај која кредитобарателот има текушта односно жиро сметка. Оваа потврда не може да биде постара од 10 дена до денот на поднесување на барањето.

5. Оверен препис од решението за регистрација на стопанската организација — кредитобарателот, со потврда за промените што настанале од регистрацијата до поднесувањето на барањето. Потврдата не може да биде постара од 60 дена до денот на поднесувањето на барањето.

6. Извод од записникот од одржана седница на работничкиот совет на која е одлучено претпријатието да се задолжи.

7. Завршна сметка на стопанската организација за последните 2 години (обр. бр. 1, 12, 14 и 15), месечен бруто биланс за последниот месец пред поднесување на барањето за кредит и периодична пресметка за последниот пресметковен период.

8. Потврда од надлежниот електро стопански орган за обезбедување на електрична енергија за погонот што ќе се гради или ќе се реконструира односно проширува.

XI. Банката може да го условi одобрувањето на кредитот со гаранција.

XII. Барањето за инвестиционен кредит и инвестиционата програма со сите прилози се поднесува во (2) два примероци на Стопанската банка на Социјалистичка Република Македонија.

XIII. Примените барања под 31 март 1962 год. по основ XLII конкурс за давање инвестициони кредити за потребите на индустријата и рударството за основни и обртни средства на Посебниот фонд за унапредување на развитокот на стопански неразвиените подрачја дотирани во Републичкиот инвестиционен фонд, првенствено ќе се разгледуваат и одобруваат под условите предвидени во овој кон-

курс, доколку барањата се усогласени со условите на истиот.

Барањата за инвестициони кредити кои ќе се поднесуваат по овој конкурс ќе бидат сукцесивно разгледувани и одобрувани во рамките на расположивите средства.

XIV. Во се друго за овој конкурс важат одредбите од Законот за кредитните и други банкарски работи („Сл. лист на ФНРЈ", бр. 10/61), и Одлуката за намената, условите и начинот за давање кредити за индустрија и рударство од средствата на кредитот дадел на СР Македонија од Општиот инвестиционен фонд за унапредување стопанскиот развиток на недоволно развиените подрачја („Службен весник на СРМ", бр. 18/63), како и други постојни прописи.

Бр. I-1/620
1 јули 1963 година
Скопје

СТОПАНСКА БАНКА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Генерален директор, **Д. Шекерински**, с. р.

Потпретседател на УО, **Миле Тортески**, с. р.

На основа точка 4 од Одлуката на Извршниот совет на СРМ за намената, условите и начинот за давање кредити за индустријата и рударството од средствата на кредитот даден на СР Македонија од Општествениот инвестиционен фонд за унапредување стопанскиот развиток на недоволно развиените подрачја („Службен весник на СРМ", бр. 18/63), Одборот за стопанство на Извршниот совет на СР Македонија, е согласен со XIV конкурс за давање инвестициони кредити за индустријата и рударството од средствата на кредитот даден на СР Македонија од Општиот инвестиционен фонд за унапредување стопанскиот развиток на недоволно развиените подрачја.

Бр. 04-1525
20 јули 1963 година
Скопје

Претседател на Одборот за стопанство,
Асен Симитчиев, с. р.

Оіласен дел

ЛИКВИДАЦИИ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 647, страна 397, книга II е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Ѓорче Петров број 03—1818/1 од 13. IV. 1963 година Градежно-видарската и фасадерска услужна занаетчиска задруга „Младост" од Ѓорче Петров е ставена под редовна ликвидација.

Со решението на Народниот одбор на општината Ѓорче Петров за членови на ликвидационата комисија се назначени следните лица: Мито Нацевски, одборник во Соборот на производителите, за претседател; Борис Апостоловски, службеник во „Снежана", за член; Натанаил Станковски, референт по буџет, за член.

За ликвидатор на задругата е назначен со решението на Народниот одбор на општината Ѓорче Петров Блаже Јончевски. Тој задругата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, сметано од 15. VII. 1963 година, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 479/63.

(955)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 4, страна 13 е запишано следното: Со решението на Општинското собрание на општината Драчево бр. 2582 од 26. VI. 1963 година Земјоделската задруга „Китка" од село Батинци, Скопско, е ставена под редовна ликвидација.

Со решението на Општинското собрание на општината Драчево бр. 03—2848/1 од 12. VII. 1963 година за членови на ликвидационата комисија се назначени следните лица: Трпевски Трајан, претседател, Гиевски Славчо и Даутовски Назми.

За ликвидатор на задругата со решението на Општинското собрание на општината Драчево број 1 од 12. VIII. 1963 година е назначен Милорад Ѓоргиевски, книговодител во Ветеринарната станица во Драчево.

На досегашните потписници на задругата и тоа: Назми Даут, управник, и Садо Тутич, службеник, им **престанува правото за потпишување.**

Ликвидаторот Милорад Ѓорѓиевски задругата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 515/63.

РЕГИСТРАЦИИ НА ЗАНАЕТЧИСКИТЕ ДУЌАНИ И РАБОТИЛНИЦИ

На основа дозволата од Народниот одбор на општината Неготино бр. 04-1531/1 од 21.V.1963 година, е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 140, ред. бр. 140, занаетчискиот дуќан под фирма: Угостителски дуќан (гостилница) на Алексо В. Ѓорѓиев и Ристо П. Ангелов, со седиште во Демир Капија.

Фирмата ќе ја потпишуваат Алексо В. Ѓорѓиев и Ристо П. Ангелов. (126)

На основа дозволата од Одделението за стопанство на Народниот одбор на општината Гостивар бр. 04-2627 од 16.V.1963 година, е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 64, рег. бр. 525, занаетчискиот дуќан под фирма: Столар Илија Продрума Крстевски, со седиште во Гостивар, ул. „Васил Василевски", бр. 11.

Предмет на работењето на дуќанот е: столарски изработки и услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Илија Продрума Крстевски. (129)

На основа дозволата од Одделението за стопанство на Народниот одбор на општината Гостивар бр. 04-2850/1 од 16.V.1963 година, е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 64, рег. бр. 526, занаетчискиот дуќан под фирма: Слаткар Синан Деаров Шаракати, со седиште во Гостивар, ул. „Никола Парапунов" бр. 54. Предмет на работењето на дуќанот е: изработка и продажба на слатки.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Синан Деаров Шаракати. (130)

На основа дозволата од Отсекот за управни работи на Одделението за општа управа и внатрешни работи на Општинското собрание на општината Кисела Вода — Скопје бр. 04-6702 од 25.VI.1963 година, е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 11, рег. бр. 92, занаетчискиот дуќан под фирма: Вера Д. Тушевска, со седиште во Скопје, ул. „468" бр. 1. Предмет на работењето на дуќанот е: изработка на сода вода и други безалкохолни пијалоци.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Вера Д. Тушевска. (132)

На основа дозволата од Народниот одбор на општината Тетово бр. 04-5880/1 од 24.V.1963 година, е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 543, рег. бр. 542, занаетчискиот дуќан под фирма: Воденичар Исмаили Нуредина Веби, со седиште во село Голема Речица. Предмет на работењето на дуќанот е: воденичарски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Исмаили Нуредина Веби. (134)

На основа дозволата од Одделението за стопанство на Општинското собрание на општината Битола бр. 3—5635/1 од 26.VI.1963 година, е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 928, рег. бр. 153, книга V, занаетчискиот дуќан под фирма :Фотограф Карабатак Анастасов Трифун, со седиште во Битола, ул. „Ленинова" бр 19. Предмет на работењето на дуќанот е: фотографски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Карабатак Анастасов Трифун. (135)

На основа дозволата од Народниот одбор на општината Титов Велес бр. 03-6303/1 од 17.VI.1963 година, е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 560, ред. бр. 550, занаетчискиот дуќан под фирма: Бравар Благој Панов Ајдаров, со седиште во Титов Велес, ул. „Димитар Влахов" бр. 91. Предмет на работењето на дуќанот е: браварски производи и услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Благој Панов Ајдаров. (137)

На основа дозволата од Одделението за општи и управни работи на Општинското собрание на општината Идадија — Скопје бр. 02/4-11723 од 25.VI. 1963 година, е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 12, рег. бр. 120, книга II, занаетчискиот дуќан под фирма: Чевлар Љубиша В. Трбојевиќ, со седиште во Скопје, ул. „Илинденска" бр. 33. Предмет на работењето на дуќанот е: изработка и поправка на чевли.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Љубиша В. Трбојевиќ. (144)

На основа дозволата од Одделението за општи и управни работи на Општинското собрание на општината Идадија — Скопје, е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 12, рег. бр. 118, книга II, занаетчискиот дуќан под фирма: Радио механичар Митко К. Заратчиев, со седиште во Скопје, ул. „8 ударна бригада" бр. 8. Предмет на работењето на дуќанот е: радио механичарски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Митко К. Заратчиев. (142)

На основа дозволата од Одделението за стопанство на Општинското собрание — Битола бр. 5348 од 20.VI.1963 година, е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 929, рег. бр. 154, книга V, занаетчискиот дуќан под фирма: Работилница за изработка на шноли, укосници, игли и ситни украсни предмети на Славе Димков Здравевски, со седиште во село Горно Оризари. Предмет на работењето на работилницата е: изработка на шноли, укосници ,игли и ситни украсни предмети.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Славе Димков Здравевски. (143)

На основа дозволата од Отсекот за управни работи — Реферат за општостопански работи на Народниот одбор на општината Идадија — Скопје бр. 02/4 — 10654/1 од 12.VI.1963 година, е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на стр. 12, рег. бр. 118, книга II, занаетчискиот дуќан под фирма: Кројач Михаил П. Димитров, со седиште во Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 61а. Предмет на работењето на дуќанот е: шиење на алишта.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Михаил П. Димитров. (144)

На основа дозволата од Одделението за стопанство на Општинското собрание — Прилеп бр. 4—2528 од 5.VI.1963 година, е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 378, рег. бр. 378, книга II, занаетчискиот дуќан под фирма: Молер Коста Ѓорев Талевски, со седиште во Прилеп ,ул. „Ладо Лапецот" бр. 5. Предмет на работењето на дуќанот е: молерски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Коста Ѓорев Талески. (145)

На основа дозволата од Одделението за стопанство на Општинското собрание — Прилеп бр. 4—3171 од 15.VI.1963 година, е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 377, рег. бр. 377, книга II, занаетчискиот дуќан под фир-

ма: Волновлачар Воислав Димов Вељановски, со седиште во Прилеп, ул. Јане Сандански" бр. 42. Предмет на работењето на дуќанот е: волновлачарски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Воислав Димов Вељаноски. (146)

На основа дозволата од Одделението за општи и управни работи на Општинското собрание на општината Идадија — Скопје бр. 02/4—12293/1 од 2. VII. 1963 година, е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 13, рег. бр. 121, книга II, занаетчискиот дуќан под фирма: Столар Илија Китановски, со седиште во Скопје, ул. „493" бр. 10. Предмет на работењето на дуќанот е. столарски изработки и услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Илија Китановски. (147

На основа дозволата од Одделението за стопанство на Народниот одбор на општината Кавадарци бр. 03—4999 од 22.VI.1963 година, е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 246, рег. бр. 246, книга I, занаетчискиот дуќан под фирма: Молер Ѓорѓи Игнов Јованов, со седиште во Кавадарци, ул. „Киро Спанѓов" бр. 1. Предмет на работењето на дуќанот е: молеро фарбарски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Ѓорѓи Игнов Јованов. (148)

На основа дозволата од Одделението за стопанство на Народниот одбор на општината Кавадарци бр. 03—5001 од 1.VII.1963 година, е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 247, рег. бр. 247, книга I, занаетчискиот дуќан под фирма: Столар Тодор Глигоров Арнаудов, со седиште во Кавадарци, ул. „Вардарска" бр. 12. Предмет на работењето на дуќанот е: столарски изработки и услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Тодор Глигоров Арнаутов. (149)

На основа дозволата од Одделението за општи и управни работи на Општинското собрание на општината Идадија — Скопје бр. 02/4—12921/1 од 12.VII.1963 година, е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 13, рег. бр. 123, книга II, занаетчискиот дуќан под фирма: Електроинсталатер Размо Д. Тодоровски, со седиште во Скопје, ул. „Никола Вапцаров" бр. 61. Предмет на работењето на дуќанот е: електроинсталатерски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Размо Д. Тодоровски. (150)

На основа дозволата од Народниот одбор на општината Титов Велес бр. 03-5949/1 од 15.VII.1963 година, е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 562, ред. бр. 552, занаетчискиот дуќан под фирма: Столар Анѓел Димов Лазаров, со седиште во Титов Велес, ул. „Димитар Влахов" бр. 37. Предмет на работењето на дуќанот е: столарски изработки и услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Анѓел Димов Лазаров. (151)

На основа дозволата од Одделението за стопанство на Народниот одбор на општината Гостивар бр. 04-4482 од 1.VII.1963 година, е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 64, бр. 527, занаетчискиот дуќан под фирма: Молер Никола Димитрија Ристевски, со седиште во Гостивар, Кеј „Дутлок" бр. 18. Предмет на работењето на дуќанот е: молерски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Никола Димитрија Ристевски. (152)

На основа дозволата од Одделението за стопанство на Општинското собрание — Битола бр. 3-6195/1 од 18.VII.1963 година, е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 931, рег. бр. 156, книга V, занаетчискиот дуќан под фирма: Јажар Идик Асана Џафер, со седиште во Битола, ул. „М. Ј. Шпањац" бр. 72. Предмет на работењето на дуќанот е: правење и продавање на јажиња.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Идик Асана Џафер. (153)

На основа дозволата од Одделението за стопанство на Општинското собрание на општината — Битола бр. 3-6099 од 18.VII.1963 година, е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 930, рег. бр. 155, книга V, занаетчискиот дуќан под фирма: Електроинсталатер „Сонце" на Митко Петров Радевски, со седиште во Битола, ул. „Цар Самсил" бр. 18 Предмет на работењето на дуќанот е: електроинсталатерски услуги. (154)

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Митко Петров Радевски. (154)

На основа дозволата од Отсекот за управни работи на Одделението за општа управа и внатрешни работи на Општинското собрание на општината Кисела Вода — Скопје бр. 04-7649 од 20.VII.1963 година, е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 11, рег. бр. 93, занаетчискиот дуќан под фирма: Воденичар Ристо Зафиров Иванов, со седиште на раскрсница с. Горно Лисиче и село Драчево, Скопско. Предмет на работењето на дуќанот е: воденичарски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Ристо Зафиров Иванов. (155)

ЗАГУБЕНИ ПЕЧАТИ

Загубениот округли печат на Учителската школа „Никола Карев" — Скопје под назив: „Учителска школа „Никола Карев" — Скопје", се огласува за неважен.

(1800)

Загубениот округли печат на Спортското друштво „Слога" — Скопје под назив: „Спортско друштво „Слога" — Скопје, се огласува за неважен.

(1701)

Загубениот печат на Рудниците за олово и цинк во изградба „Саса" — Пробиштип под назив: „Рудници за олово и цинк во изградба „Саса" — Режиски одбор — Пробиштип", се огласува за неважен.

(1632)

Мали огласи

Се огласуваат за неважни следните службени документи:

РАЗНИ ДОКУМЕНТИ

Весика бр. 327/77, издадена од Турскиот конзулат во Скопје на име Јакуп Најил Адем, синови Адем и Азем и ќерки Емине и Мера, сите од Скопје. (1934)

Паспорт бр 039044, издаден од СВР — Титов Велес на име Османов Ибраим Нијази, ул. Крушевска бр. 19 — Титов Велес. (1935)

Паспорт бр. 101303, издаден од Амбасадата во Софија на име Мира А. Стефановска, Скопје. (2195)

Здравствена легитимација бр. 8273, издадена од ЗСО — Берово на име Ленка Атанасова, с. Русиново, Берово. (1767)

Здравствена легитимација бр. 10133, издадена од ЗСО — Радовиш на име Павлина Котева, ул. „Партизанска" бр. 18 — Радовиш. (1768)

Воена книшка на име Илија Трајков, с. Пешурово, Св. Николе. (1769)

Здравствена легитимација бр. 1549 на име Илија П. Данев, с. Липец, Кочани. (1770)

Здравствена легитимација бр. 1184, издадена од ЗСО — Струга на име Асан Идризоски, с. Октиси, Струга. (1771)

Регистарска таблица бр. 10524, за мотор марка „Јава", издадена од СВР — Скопје на име Миодраг Шаурек, Скопје. (1772)

Здравствена легитимација издадена од ЗСО — Кавадарци на име Добре Митрев, Кавадарци. (1773)

Здравствена легитимација бр. 20357, издадена од ЗСО — Кочани на име Сава Стојко Николова, с. Градец, Кочани. (1774)

Ученичка книшка од V одделение, издадена од Основното училиште „Братство" с. Челопек на име Ванѓел Боризов Симовски, с. Челопек, Тетовско. (1775)

Ученичка книшка од V одделение, издадена од Основното училиште „Братство" с. Челопек на име Христофор Д. Бојчески, с. Челопек, Тетовско. (1776)

Здравствена легитимација бр. 789, издадена од ЗСО — Тетово на име Митко Мазневски, Тетово . (1777)

Воена книшка на име Милорад Арсе Стојчески, с. Мршевци, Скопско. (1778)

Здравствена легитимација издадена од ЗСО — Скопје на име Рамадан Ц. Селмановски, Скопје. (1779)

Воена книшка издадена од ВП 8840 — Вања Лука на име Димитрија Спасовски, с. Долно Солје, Скопско. (1780)

Работна книшка бр. 619, издадена од НО на општината Ракотинци на име Димитрија Спасовски, Скопје. (1781)

Книшка за здравствена легитимација бр. 23814, издадена од ЗСО — Скопје на име Џамиле А. Алидени, Скопје. (1782)

Ученичка книшка за завршено V одделение, издадена од Училиштето „Владимир Назор" — Скопје на име Васе Т. Стојановска, с. Г. Лисиче, Скопје. (1783)

Здравствена легитимација издадена од ЗСО — Скопје на име Фанија Тодоровиќ, Скопје. (1784)

Здравствена легитимација бр. 262234, издадена од ЗСО — Скопје на име Рамиза Халим, Скопје (1785)

Работна книшка бр. 509/58, издадена од Бирото за посредување на трудот — Скопје на име Русанда Петрушева, Скопје. ((1786)

Здравствена легитимација издадена од ЗСО — Марибор на име Невзат Кујадиновиќ, Скопје. (1787)

Работна книшка издадена во Пробиштип на име Бојко В. Гичев, Скопје. (1788)

Воена книшка издадена од Воениот отсек — Скопје на име Абаз М. Рамадановски, Скопје. (1789)

Работна книшка бр. 20159 на име Хава Куч, Скопје. (1790)

Воена книшка издадена во Љубљана на име Кемаљ Амитовски, Скопје (1791)

Здравствена легитимација бр. 11090, издадена од ЗСО — Дебар на име Санија Ала, Дебар. (1867)

Здравствена легитимација бр. 11093, издадена од ЗСО — Дебар на име Линци Ало, Дебар.

Здравствена легитимација бр. 342, издадена од ЗСО — Кратово на име Петар Ј. Јакимов, ул. „Планинска" бр. 14 — Кратово. (1863)

Ученичка книшка бр. 12, издадена од Основното училиште „Даме Груев" — Градско на име Ѓоре Трајчев Здравев, с. Ногаевци, Титоввелешко. (869)

Работна книшка бр. 10925, издадена во Кочани на име Тодор Ѓеров Ефтимов, ул. „Ангел Винички" бр. 41 — Виница, Кочани. (1870)

Работна книшка бр. 346/60 на име Меваит Акифа Рамадани, ул. „Ленин" бр. 105 — Тетово. (1871)

Работна книшка бр. 22701, издадена во Скопје на име Живко Димовски, ул. „Сараево" бр. 11 — Битола. (1872)

Здравствена легитимација бр. 39681, издадена од ЗСО — Битола на име Добре Талев Петковски, с. Враневци, Битолско. (1873)

Оружен лист бр. 377, издаден од СВР — Куманово на име Александар С. Петковски, с. Никуљане, Кумановско. (1874)

Здравствена легитимација бр. 71375, издадена од ЗСО — Кратово на име Стамен Душанов Ѓорѓиев, Кратово. (1874)

Здравствена легитимација 1966 на име Тодор Стојанов Петров, с. Долни Дисан, Кавадарци. (1876)

Воена книшка на име Маарем Мемет Асанов, с. Градец, Кочани. (1877)

Барирани чек бр. АГ 935883 од 28.I.1963 год. издаден од „Народна техника" — Скопје на Претпријатието „Бран" електроника и финомеханика — Скопје. (1878)

Свидетелство бр. 186 од 10.VI.1961 год. на име Бранко А. Ивановски, с. Ропотово, Прилеп.

Свидетелство бр. 38/38 од 1961 год. на име Благоја Трајков Илиовски, с. Бело Поле, Прилеп. (1880)

Здравствена легитимација на име Демир Р. Исмаиловски, ул. „11 ноември" бр. 45 — Куманово. (1881)

Здравствена легитимација бр. 3803, издадена од ЗСО — Кр. Паланка на име Невенка Мијалкова Митовска, с. Станци, Кр. Паланка. (1882)

Здравствена легитимација бр. 54648, издадена од ЗСО — Прилеп на име Милорад Коларски, ул. „Егејска" бр. 102 — Прилеп. (1883)

Здравствена легитимација издадена од ЗСО — Прилеп на име Благородна (Десоска) Михајлоска, ул. „Цане Илиоски" бр. 37 — Прилеп. (1884)

Диплома за завршен Виши педагошки курс, издадена од Учителската школа „Никола Карев" — Скопје през 1955 година на име Владо Ристов Стојановски, с. Луково, Струга.

Здравствена легитимација бр. 11690, издадена од ЗСО — Ресен на име Николина Дочовска, ул. „М. Тито", Ресен. (1886)

Свидетелство за завршена мала матура, издадено од Осмолетката во село Вевчани на име Вера Угриноска, с. Вевчани, Охридско. (1887)

Земјоделска здравствена легитимација бр. 8797, на име Едип Шеи, с. Велешта, Струга. (1888)

Свидетелство за завршен V клас гимназија во Битола на име Ристо Трпчевски, с. Наколец, Ресен. (1889)

Ловечка дозвола бр. 116 од 17.III.1962 година, издадена од СВР — Титов Велес на име Лимон Јанев Несторов, с. Габрово, Титоввелешко. (1890)

Работна книшка на име Трајче Темелков, ул. „Браќа Попјорданови" бр. 37, Титов Велес. (1891)

Здравствена легитимација бр. 15021, издадена од ЗСО — Скопје на име Ајсер Седит Вели, Скопје. (1792)

Работна книшка издадена од Бирото за посредување на трудот — Скопје на име Борис Трајковски, Скопје. (1793)

Влошка за здравствена легитимација бр. 247422, издадена од ЗСО — Скопје на име Мирсада Бејсел, Скопје. (1794)

Свидетелства за завршен V, VI и VII клас, издадени од Гимназијата „Орце Николов" — Скопје на име Михаил Петков, Скопје. (1795)

КОНКУРСИ

На основа член 33 од ЗЈС, Заводот за унапредување на школството на СР Македонија

распишува

КОНКУРС

за пополнување на следните работни места во Заводот:

1. Еден просветен советник за економски и трговски училишта;
2. Еден просветен советник за технички училишта;
3. Еден просветен советник за училишта со практична обука;
4. Еден просветен советник за странски јазици;
5. Еден просветен советник за настава по математика;
6. Еден просветен советник за физика и општотехничко образование;
7. Еден просветен советник за настава по биологија.

Услови:

Под 1 — кандидатот да има завршено економски факултет.

Под 2 и 3 — кандидатите треба да имаат завршено технички факултет, машински или електромашински отсек или ВСПШ.

Кандидатите под 4, 5, 6 и 7 треба да имаат завршено филозофски, односно природно-математички факултет — соодветна група.

За сите работни места кандидатите треба да имаат најмалку 5 години служба во струката и положен стручен испит освен за работните места под 1, 2 и 3 за кои можат да конкурираат и кандидатите со помал работен стаж.

Кон пријавата кандидатите треба да достават: биографија, диплома, извод од службеничкиот лист за работниот стаж и согласност од органот односно установата во која работат дека можат да конкурираат.

Рокот за поднесување на пријави е 1-X-1963 година. Доколку местата не се пополнат до предвиденот рок, конкурсот останува отворен до нивното пополнување. (1059)

КОМИСИЈАТА ЗА ЗАСНОВУВАЊЕ И ПРЕСТАНОК НА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ ПРИ РАБОТНИЧКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ — КУМАНОВО

распишува

КОНКУРС

за пополнување на следните работни места:

1. Еден РАКОВОДИТЕЛ на Центарот за стручнотехничко образование.
2. Еден СОРАБОТНИК во Центарот за општо образование.
3. Еден СОРАБОТНИК во Центарот за општественополитичко и стопанско образование.
4. Еден ПРОФЕСОР или НАСТАВНИК по математика и
5. Еден РАКОВОДИТЕЛ по техника.

УСЛОВИ:

— Под број 1 — средна стручна спрема и најмалку една година работен стаж во работнички или народен универзитет.

— Под број 2 и 3 — виша стручна спрема и една година работен стаж или средна стручна спрема и две години работен стаж.

— Под број 4 — висока или виша стручна спрема со 2 години работен стаж.

— Под број 5 средно образование или непотполно средно образование со две години работен стаж.

Плата по Законот за јавните службеници.

Стапување на работа веднаш.

Конкурсот е отворен до пополнување на работните места. (1057)

КОМИСИЈАТА ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ ПРИ ОПШТАТА БОЛНИЦА — КИЧЕВО

распишува

КОНКУРС

за пополнување на следните работни места и тоа:

1. Лекар Интерниста 1
2. Лекар Хирург 1
3. Лекар Педијатер 1
4. Лекар Гинеколог 1
5. Медицински техничар верзиран по трансфузија на крв 1

Услови: Кандидатите под реден број 1, 2, 3 и 4 да имаат завршено специјализација по соодветната струка и најмалку 2 години практика и да доставаат документи согласно чл. 31 од ЗЈС, а под реден број 5 кандидатот да работел по трансфузија на крв најмалку 3 години.

Плата по Правилникот за распределба на личниот доход на Установата.

Стапување на работа веднаш.

Конкурсот трае до пополнување на работното место.

СОВЕТОТ НА СПЕЦИЈАЛНАТА БОЛНИЦА ЗА КОСТНО-ЗГЛОБНА ТБЦ — ОХРИД

распишува

КОНКУРС

1. — За специјализација на еден лекар по ортопедија,

2. — За пополнување на работното место со еден лекар од општа пракса.

УСЛОВИ:

— Под реден бр. 1 — согласно чл. 2 од Правилникот за специјализација на здравствените службеници од прва група („Сл. л. на ФНРЈ" бр. 2/60).

— Под реден бр. 2 — да има завршено лекарски стаж од општа пракса.

Плата по Правилникот на болницата.

Молбите со потребните документи да се доставуваат до конкурсната комисија на Специјалната болница за косно-зглобна ТБЦ — Охрид.

„Конкурсот ќе трае 15 дена по неговото објавување во „Сл. весник на СРМ".

УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФАКУЛТЕТСКОТО ШУМСКО СТОПАНСТВО „КАРАОРМАН" — КИЧЕВО

распишува

КОНКУРС

за пополнување на работното место СЕКРЕТАР на стопанството.

Кандидатот да има завршено виша управна школа и 2 години практика или средно образование со 3 години практика.

Личен доход според Правилникот за распределба на личните доходи.

Настап на работа по спогодба.

Конкурсот трае 15 дена од објавувањето.

ЗАВОДОТ ЗА РИБАРСТВО НА СРМ — СКОПЈЕ

распишува

КОНКУРС

за пополнување работното место СЕКРЕТАР на Заводот.

Услови: Висока стручна спрема со положен стручен испит или звање референт I врста.

Настап на работа од 1. X. 1963 година. Плата според Правилникот за распределба на личниот доход на работниците и службениците на Заводот.

Конкурсот трае до пополнување на работното место.

(1058)

СОДРЖИНА

Страна

230. Одлука за завршната сметка на Републичкиот резервен фонд и средствата на заедничките резерви на стопанските организации при Републичкиот резервен фонд за 1962 година — — — — — — — — 617
231. Одлука за одобрување завршната сметка на Општествениот инвестиционен фонд на Народна Република Македонија за 1962 година — — — — — — — — — 617
232. Препорака за мерките за есенска сеидба и извршувањето на инвестициите во областа на земјоделството во 1963 година — — — 618
233. Препорака за мерките што треба да ги преземат општинските собранија и работните организации за согледување и подобрување положбата на евакуираните лица и семејства — — — — — — — — — 619
234. Препорака за мерките што треба да ги преземат околиските и општинските собранија и работните организации во здравството за здравствена заштита на населението по земјотресот во Скопје — — — — — — 620
235. Препорака за санирање на стопанството во Скопје и за зголемување напорите на работните организации во СРМ за исполнување на задачите утврдени со Општествениот план за 1963 година — — — — — 621
236. Одлука за образување Републичка комисија за техничка помош — — — — — 623
237. Одлука за покривање на непокриените вишоци на расходите над приходите на Фондот за долгорочно осигурување на Републичкиот завод за социјално осигурување утврдени до крајот на 1962 година — — 624
238. Одлука за дополнување на Одлуката за стопите и износите на придонесот за социјално осигурување на одделни категории лица вон работен однос осигурени според прописите за социјално осигурување — — 625
239. XIV конкурс за давање инвестициони кредити за индустријата и рударството од средствата на кредитот даден на СР Македонија од Општиот инвестиционен фонд за унапредување стопанскиот развиток на недоволно развиените подрачја — — — 625

Издавач: „Службен весник на СРМ" — новинско-издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 ноември" бр. 10-а Пошт. фах 51. Тел. 19-86. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 802-11/1-698 при Народната банка — Скопје. Печатница „Нова Македонија" — Скопје